Berghof Foundation

# Перспективи на Заедниците за Насилниот Екстремизам

## Зајакнување на локалните фактори на социјална отпорност

Engjellushe Morina, Beatrix Austin, Tim Jan Roetman и Veronique Dudouet

Краток преглед на политика 9, Фондација Бергхоф

Јуни 2019

**На ШТО се однесува овој краток преглед на политика?**

Овој краток преглед на политика ги нагласува препораките за подобрување на програмирањето насочено кон спротивставување на насилен екстремизам (СНЕ), и ја истакнува потребата за тоа да севкупното програмирање започне со работа со локално заснована анализа и планирање. Исто така, нагласува низа фактори и чинители кои може да придонесат кон социјалната отпорност на насилен екстремизам. Овој преглед во главно се основа на опсежниот извештај Перспективите на заедницата за спречување насилен екстремизам: Лекции научени од Западен Балкан, со кој завршува двегодишен истражувачки проект, дијалог со заедницата и совети за политиките во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија.

**ЗОШТО е релевантна оваа тема?**

Справувањето со насилниот екстремизам (НЕ) се појави како суштествена рамка за анализа и креирање политики во повеќето западни и не-западни владини агенции. Исто така, во голема мера го обликува програмирањето на невладини агенции и истражувачки институции. Иако постои неспорна потреба за адресирање на појавата, се почесто анализата и програмирањето потфрлуваат при разбирање и адресирање на неговите основни причини, фактори, чинители и системска динамика. Повеќето интервенции во областа на Спротивставување/Спречување на Насилен Екстремизам (С/СНЕ), исто така, се фокусираа на безбедносните пристапи од горе надолу, со слабо вклучување на заедницата.

**За КОГО е важен?**

Краткиот преглед на политика досегнува до креаторите на политики и оние кои одредуваат агенди на ниво на локалната заедница, на национално владино ниво и на меѓународно ниво. Исто така, може да биде во интерес на истражувачи и студенти заинтересирани за насилен екстремизам, радикализација, спречување на насилство и за регионот на Западен Балкан.

**ЗАКЛУЧОЦИ/ПРЕПОРАКИ**

Гледањето на СНЕ преку објективот на градењето мир подразбира потреба за вложување во алатки за анализирање на системски конфликти посебно наменети за појавата и нејзините локално-контекстуализирани манифестации. Следниве препораки за програмирање насочени кон спречување на насилен екстремизам, во регионот и други места, се издвојуваат врз основа на ова истражување:

- Зајакнување и зголемување на соработката меѓу лидерите на заедницата и чинителите кои можат да имаат улога во спречување на насилниот екстремизам, со општината (или локалната управа), воспоставување на одбори за односи со заедницата.
- Вклучување на меѓу-секциски чинители и лидери на заедниците од локално ниво во анализирање на состојбата на ранливоста и отпорноста на заедницата и поставување на приоритети на политиките. Заедничко создавање и дизајнирање на нови цели и прилагодување на постоечките за да одговараат на тековниот контекст.
- Подобрување и зајакнување на институционалното

**© Berghof Foundation Operations gGmbH 2019.** All rights reserved.
*The opinions and views expressed are those of the authors and do not necessarily reflect the opinions or views of Berghof Foundation.*

дејствување и соработка при креирање политики во областа на образованието, младите и социјалните прашања.

- Признавање на верски институции и лидери на централно и локално ниво како влијателни чинители со блиски врски со нивните заедници и осигурање на нивниот ангажман при спречување на насилниот екстремизам од самиот почеток.
- Вложување во идентификување и зајакнување на факторите на отпорност на заедницата и социјалната кохезија (како што е инклузивен социо-економски развој, меѓуверска толеранција и граѓанско образование), исто како и во мерките на одвраќање и казнување.

## СОДРЖИНА

1 Вовед | 2 Позадина | 3 Резултати | 4 Заклучоци & Препораки

# 1 Вовед

Бидејќи Балканот е моментално во центарот на меѓународниот фокус, вниманието се врати на градењето на мирот во регионот. Ова е можност да се поврзе градењето на мирот со една главна тема која е високо на меѓународната агенда: насилниот екстремизам.

Земјите на Западен Балкан се сметаа, во раните 2010-ти, како Европските главни извезувачи, по глава на жител, на доброволци кои се борат за салафистички џихадистички вооружени организации како ИСИС и Џабхат Фатах ал Шам (порано позната како Јабхал ал Нусра) (Shtuni 2016, 2). Сепак, причините зошто некои заедници се поранливи од другите кон повикот на групите поврзани со ИСИС или Ал Каеда, во еден регион за кој нема сознанија дека е особено склон кон верски екстремистички тенденции - во споредба со конзервативните земји како Саудиска Арабија – сеуште не се доволно истражени. Расплеткувањето на митот и стигмата од робусните набљудувања е неопходност. И, иако моменталниот број на странски борци се намали во годините од 2016 година, се појавува нов предизвик за народите и заедниците во регионот, бидејќи се враќаат некои од оние што заминале, и нивните деца родени во странство.

Локалните и регионалните засегнати страни и погодени заедници исто така се борат со изнаоѓање на ефективни одговори и превентивни мерки за решавање на оваа појава. Затоа има снажна потреба да се развијат инклузивни и целни програми, кои можат да помогнат во градењето на отпорни држави и заедници на насилниот екстремизам.

Во овој контекст, Фондацијата Бергхоф, заедно со локалните партнери, се обидоа да разберат што ги прави одредени заедници отпорни на насилен екстремизам, додека други се помалку отпорни и покрај сличните социо-економски, идеолошки и политички контексти (Morina et al. 2019).

Овој краток преглед на политика ги издвојува главните наоди на студијата, која пак заклучува двегодишен проект на истражување и дијалог, финансиран од Министерство за надворешни работи

*Цитат:* Engjellushe Morina, Beatrix Austin, Tim Jan Roetman and Veronique Dudouet (2019): Перспективи на Заедниците за Насилниот Екстремизам: Зајакнување на локалните фактори на социјална отпорност. Бергхоф Краток преглед на политика 9. Берлин: Фондација Бергхоф. Онлајн на: LINK.

на СР Германија, имплементиран заедно со локалните истражувачки институции во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија од 2017 до 2019 година.

Проектот комбинираше компаративно истражување и беше ориентиран кон локална и интра-регионална размена на практики во овие земји. Локалните теренски активности и дијалогот со засегнатите страни и погодените заедници како и со јавните власти имаа за цел развивање и зајакнување на начини на соработување за подобрување на СНЕ програмирањето на локално, национално и регионално ниво. Меѓународното ширење дополнително се залага за употреба на клучните сознанија.

# 2 Позадина и методологија

Разбирливо, четирите балкански земји вклучени во студијата Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија, имаат многу сличности кои се вкоренети во заедничките историски незадоволства, но се исто така поврзани со неразвиени економии, лошо владеење и административна дисфункционалност, национални и етнички тензии и нерешени прашања со идентитетот. Во три од четирите случаи, незавршените процеси на градење на мир и помирување ја сочинуваат сликата.

Наоѓањето на единствен агол помеѓу опсежно проученото микро ниво на индивидуални притискачки и привлекувачки фактори и макро нивото на структурните причини, на пример државна репресија, релативна депривација, сиромаштија и глобализација, истражувањето кое е основа на овој краток преглед на политика се фокусираше на мезо-ниво. Се обидуваше да ги идентификува факторите на ранливост и отпорност на заедницата на насилниот екстремизам и да формулира и тестира препораки извлечени од пристапот за градење на мир од долу-нагоре за ефективно спречување на насилен екстремизам.

*Табела 1: Избрани погодени и непогодени заедници/општини по држава*

| Држава | Погодени општини | Непогодени општини |
|---|---|---|
| Албанија | Тирана (три населби) | Каваја (“релативно непогодена”)<br>Корча (“релативно непогодена”; со поголем потенцијал на ризик) |
| Босна и Херцеговина | Зеничко Добојски Кантон (ЗДК)<br>Кантон Сараево (КС) | Босанско-Подрински Кантон (БПК) |
| Косово | Елез Хан<br>Митровица (неистражувана детално) | Дечани |
| Македонија | Чаир (Скопје) | Струга (“релативно погодена”)<br>Гостивар (“умерено погоден”) |

IСо цел откривање и разбирање на она што ги прави заедниците отпорни на насилниот екстремизам, истражувачите ги анализираа карактеристиките на заедниците во одреден социо-економски, идеолошки и политички контекст. Главната ‘цел’ на истражувањето беа погодени и непогодени заедници (види Табела 1), со цел да се истражи и открие што е тоа што прави да одредена заедница е способна („случајно„ или „по избор„) да спречи или се спротивстави на заканите на насилниот екстремизам, или да биде под влијание на идеолошки и/или физички форми на насилен екстремизам. Главниот користен показател за да се процени дали некоја заедница е погодена или непогодена беше бројот на странски борци (индивидуални заминувања во Сирија и Ирак од заедницата) по глава на жител. Вториот показател беше бројот на гонети регрутери и проповедници.

Неколку карактеристики го издвојуваат ова истражување. Беше (1) партиципативно и насочено кон дејствување, при што заедниците кои беа дел од студијата беа поканети да се вклучат во дијалог за наодите и препораките и да ги идентификуваат влезните точки за нивно спроведување.
Се (2) фокусираше на субјективните перцепции на заедниците преку интервјуа и фокус групи со претставници на единечни или мешани групи (религиозни или не-религиозни, различен пол, млади, лидери на локалната самоуправа и граѓанско општество, итн.).

Брзо стана јасно дека заедниците не се ниту потполно погодени ниту потполно непогодени – една непогодена заедница се уште може да ги има истите својства на 'плодна почва' како погодените општини и една погодена заедница може се уште да покаже својства на една отпорна заедница.

## За терминологијата

Во овој краток преглед на политика, користиме терминологија која во главно се обележува со недостаток на заедничко разбирање и, понекогаш, нарушувана со политизирање, секјуритизирање или жаргонизирање. Затоа, сакаме да го споделиме нашето работно разбирање за овие широко користени поими овде.

**Радикализација** | Процес на идеолошка и/или бихејвиорална промена во пораст која води кон залагање за поекстремни и потенцијално насилни светогледи и дејства.

**(Насилен) Екстремизам** | Било која идеологија која се спротивставува на темелните вредности и начела на друштвото. Многумина го разликуваат политичкиот од верскиот екстремизам. Иако екстремистите не се неопходно вклучени во насилство, фразата насилен екстремизам се користи во контексти кога екстремистичките гледишта се придружени со оправдување и употреба на екстремно насилство (како злосторства) против оние кои не го делат истото убедување или идеологија. Насилниот екстремизам може да се изрази од поединци или групи, преку говори или медиумски известувања, преку извршување на изолирани дејства на насилство во име на екстремистички идеологии или физичко приклучување кон насилни групи.[1]

**Кумулативно/Реципрочна Радикализација** | Поимите "кумулативен" екстремизам и "реципрочна" радикализација ја изразуваат забелешката дека сегашната политичка поларизација не се случува во вакуум, но се почесто е одговор на постапките и дискурсот на друга група, на пример десничарските националистички групи. Ова е од големо значење во јавна расправа која е се уште склона да ги смета радикализмот и екстремизмот како вродени карактеристики на одредена религија (често исламот).

**Отпорност** (Непогоденост) | Отпорноста подразбира свесност за проблемот од разни засегнати страни во една заедница и нивното здружено дејствување против одредена појава. Исто така, го вклучува ставот на заедницата кон таква појава и нивната реакција во пресрет на појавување на дејство на насилен екстремизам или настани перципирани како такви кои што водат кон неговото појавување. Никогаш не е апсолутно својство, туку системска и променлива карактеристика.

**Ранливост** (Погоденост) / Погодена заедница е онаа врз која влијаеле идеолошките и/или физичките форми на насилен екстремизам, како што се: продорна радикална идеологија, идеолошки мотивирани насилни дејствија, зачестеност/случаи на странски борци кои потекнуваат од заедницата и присуство на чинители кои ја негуваат ранливоста кон насилен екстремизам.

*За подетална дискусија, видете Aroua 2018 и Morina et al. 2019.*

1 Додека насилниот екстремизам може да се поврзе со било која политичка или верска идеологија, поимот обично се изедначува со верско-инспирирано, и особено со насилство кое е со недржавна исламистичка-основа. На некој начин, ова истражување паѓа во истата замка, бидејќи посебно се фокусира на шаблоните преку кои одредени поединци се радикализираат преку прифаќање на исламските идеологии инспирирани од Салафисти/Вахабисти и се приклучуваат на џихадските организации како странски борци во Ирак и Сирија. Меѓутоа, низ целиот процес на истражување експлицитно ги препознавме, и се обидовме да ги откриеме, заедничките интеракции меѓу исламистичкиот насилен екстремизам и другите форми на политички (на пр. екстремно десничарски, националистички) екстремизам, кои придонесуваат кон нивната взаемна радикализација.

# 3 Резултати

## Фактори на ранливост на заедницата или отпорност на насилниот екстремизам

Неколку фактори и чинители кои ги обликуваат погодените заедници во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Македонија, се истакнуваат низ случаите. Главниот фактор е длабоката општествена поларизација, без разлика дали на социјални, политички, етнополитички или верски основи. Проследена со значителен степен на недоверба во политичките и верските институции, кои главно се сметаат за не-реагирачки, неефикасни и пристрасни. Во поглед на овие две димензии, Албанија се докажува како исклучок, бидејќи состојбата на верските власти и етно-политичките поделби се историски помалку обележани. Не е изненадувачки што социо-економските услови, сами по себе, не беа одлучувачки фактори, иако играат улога во создавање на попогодна средина во некои случаи. Понатаму, во сите четири студии на земји, како области со итна потреба за подобрување се истакнати недостатокот на квалитет на верското образование и зајакнување на критичкото размислување. И на крај, истражувањата на земјите укажуваат на значајното влијание што нагласеното чувство на маргинализација (било да е врз основа на припадност кон малцински идентитет или припадност на политички/економски запоставени изборни единици), го има врз веројатноста да заедницата стане склона кон регрутирање, радикализација и погоденост од насилен екстремизам.

Што се однесува до карактеристичните групи на чинители или, уште позначајно, карактеристични дејствија од овие чинители, може да извлечеме важен заклучок дека во погодените заедници, имаше општо чувство дека не постои проактивен и обединет сојуз на чинителите (локалната власт и верските институции). Наместо тоа, има празен и незаштитен простор во кој – најчесто егзогени – регрутери би можеле а влезат и во кои можат да воспостават нерегулирани места за проповедување и прозелитизација. Портирите на таквите заедници – наставниците, родителите, итн. – се често опишани, или како претежно несвесни за проблемот или незаинтересирани (во некои случаи, родителите, исто така, може и да ги оправдат постапките на своите деца, понекогаш несвесни за последиците). Меѓутоа, исто така станува јасно дека не постојат црно-бели разграничувања.

Студијата на случај во Албанија добро го сумира ова: “[П]огоденоста не е толку одредено од самото присуство на факторите и чинителите погодни за ранливост од НЕ, колку од нивото, динамиката и комбинирањето на факторите и чинителите во рамки на одредена заедница„ (Qirjazi/Shehu 2018, 1). Спрема тоа, погодените заедници треба да се гледаат како без јасен континуум (т.е. без линеарност, што значи дека нема јасни линии или појдовни точки). Наместо тоа, ние гледаме нејасен и сложен систем, кој може поуспешно да се искористи од страна на одредени чинители кога условите се поволни.

Затоа, мора добро да се внимава при проценката на вродената ранливост (или отпорност) на заедниците, бидејќи тие може да варираат и да се променат многу брзо.

Во случаите на непогодените заедници, бевме интересирани за општествените особености на некои општини на Западен Балкан, кои се навидум непогодени од насилен екстремизам, и покрај обезбедување на ‘плодна почва’, на пример во смисла на преовладувачките социо-економски услови, кои можеле да ги направат лесен плен за регрутерите. Врз основа на емпириските наоди, може да се заклучи дека овие шест заедници имаат корист и од поволниот контекст, кој ја зајакнува нивната социјална отпорност кон надворешните закани, и од лидерскиот капацитет покажан од државните, верските и чинителите од граѓанското општество. Некои од клучните фактори кои се идентификувани како погодни услови за непогоденост ја вклучуваат улогата на перцепираната општествена хармонија и мултикултурализам, инклузивното чувство на национален идентитет што ги поврзува граѓаните и преовладува над привлекувањето на нео-фундаменталистичките идеологии (како што е салафизмот), и специфичната историја и географија на овие општини.

Нашето истражување истакна дека водството е важно во голема мера, од улогата на едукаторите и наставниците кои ги оспособуваат младите со критичко размислување, самодоверба и верско знаење, до ОГОа кои поттикнуваат граѓанско ангажирање меѓу членовите на заедницата, и на крај, координираните и кохезивните дејства преземени од локалните верски и институционални власти. Непогодените заедници се водат од имами и градоначалници кои внимателно ја следат нивната изборна единица со цел да го следат ‘пулсот’ на заедницата; кои заземаат став за поттикнување толеранција и прогресивни толкувања на верските текстови, со цел спречување на развој на екстремистички дискурси; кои преземаат проактивни мерки за регулирање на ширењето на екстремистичките идеи преку спречување на вкоренувањето на непријателските егзогени влијанија во заедницата, или преку одбивање на говор на омраза кој би ја зголемил ранливоста на заедниците.

Како и да е, како и во случајот на погодените заедници, доказите се недоволни за да се назначат овие непогодени заедници како целосно или потполно отпорни на заканата од насилен екстремизам. Истражувајќи ја сложеноста на примената на концептот на отпорност на заедницата во студијата на насилниот екстремизам, во сите земји опфатени во студијата истражувањето дојде до наод дека комбинирањето на свесност, дејство и став на локалните лидери придонесува позитивно кон отпорноста на заедницата.

Накратко, споредбата на карактеристиките на ранливоста и отпорност на заедниците во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија доведоа до следниве клучни наоди:

- Поларизацијата, дисфункционалните институции, перцепираната маргинализација на заедници врз основ на нивниот идентитет и географски и историски специфичности се главните фактори поволни за подемот на насилниот екстремизам.
- И локалните и егзогените чинители, како што се верските не-државни чинители, и реципрочниот екстремизам играат клучна овозможувачка улога.
- Непогодените заедници може да се отпорни или случајно (социјални и историски фактори) или по избор (проактивно/реактивно лидерство на заедницата).
- Свесноста за ризиците, толерантниот став кон другите и дејството за проактивно спречување се трите клучни состојки на ефективното спречување на насилен екстремизам во заедниците.

## Од СНЕ до Градење мир: Одговори на политики

Истражувањето, исто така, ја оцени релевантноста и соодветноста на националните и меѓународните одговори на политики, во форма на СНЕ програми. Наместо на програми тесно ориентирани кон безбедност и тврда моќ за спротивставување на насилниот екстремизам (СНЕ), програмите кои имаат за цел спречување на насилниот екстремизам ставаат поголем акцент на адресирање на мноштвото различни политички и социолошки фактори: на пример, идентификување и справување со притискачките и привлекувачките фактори, адресирање на структурните основни причини и зајакнување на отпорноста на поединецот и заедницата (Austin/Giessmann 2018, iv).

Нашите локални истражувачи дојдоа до сознание дека, во многу случаи, перцепциите на заедницата за СНЕ програмите беа доста фрагментирани. Заедниците ретко се консултирани или запознаени со националните планови. Во случајот на Косово, истражувачите открија дека имаше неусогласеност на идентификуваните фактори на отпорност (на пример, силни соработувачки односи меѓу локалните верски и политички чинители) и природата на активностите за СНЕ (претежно подигање на свеста и генерирање приходи). И на крај, недостасуваат капацитети и ресурси во областите на (секуларно и верско) образование, социјална работа или создавање граѓански простори.

Ние предлагаме дека пристапот на градење мир кон СНЕ може да биде вистински корисен, иако не е без препреки. Нашето истражување откри дека, од една страна, повоените активности за градење мир (дефинирани како дијалог меѓу заедниците и помирување) се сметани како неефикасни од значителен број луѓе во Босна и Херцеговина, на пример. Нормативните очекувања (на пример, дека градењето мир ќе ги адресира структурните и индивидуалните основни причини на еден похолистички начин) не се

сите реализирани ‘на терен’ на Западен Балкан. Во неколку случаи, иницијативите за градење мир и помирување беа предмет на политичко искористување и манипулација (види на пример, Turcalo/Veljan 2018, 21). Како резултат на тоа, луѓето често ги гледаат со голема мера на цинизам и песимизам.

Од друга страна, нашето истражување истакнува дека она што може да се нарече суштина на градењето мир и кое придонесува кон отпорноста: меѓуетнички средби, меѓуверски дијалог, верска толеранција и мултикултурализам, активни поврзувања и врски во заедницата преку идентитетот на групата, поттикнување на инклузивни и мултидимензионални идентитети, се истакнуваат како важни фактори кои придонесуваат кон отпорност.

Како што истакнуваат авторите на студијата на случај од Македонија: “Во Гостивар и Струга... има забележителни напори за промовирање на мултикултурализмот, различноста и вредностите на едно меѓуетничко општество. Испитаниците сугерираа дека жителите на овие општини се добро информирани за вредностите на различноста. Покрај тоа, Струга истакна дека се вложуваат напори за создавање и промовирање на активности и програми за поттикнување на меѓуетничка интеграција и соработка, со што ќе се зајакне отпорноста на ниво на општина на факторите кои придонесуваат кон овозможувачка средина за екстремизам.” (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 27).

# 4 Заклучоци и препораки

Успешното програмирање за СНЕ бара контекстуализирање и не може да се изработи според шема. Следниве избрани препораки (види Morina et al. 2019, 61ff, за сеопфатен збир) според тоа, се засноваат на препораките од секоја од четирите студии на случај на земја, без да ги заменат нивните независни и утврдени проценки и сугестии. Сепак, тие ги истакнуваат увидите што се појавија како многу релевантни за поголемиот дел од студиите на случај на земја. Ние веруваме дека овие ќе треба да се адресираат – на контекстуализиран начин – во повеќето средини со цел да се спречи радикализација кон насилен екстремизам.

Препораките се групирани во два сектора: зајакнување на фактори и чинители кои се погодни за отпорноста на заедницата и креирање на силни и делотворни програми за СНЕ.

Аголот на заедниците на мезо ниво е потврден и како нов и како релевантен од страна на истражувачите. Препорачуваме негово усвојување, на пример фокусирајќи се на улогата на заедниците во реинтегрирањето и рехабилитацијата на странските борци повратници и нивните семејства. Потребно е да се вложат повеќе инвестиции за подобро разбирање на динамиката на кумулативниот екстремизам, сличностите и разликите помеѓу двигателите на конфликти и двигателите на насилен екстремизам, како и систематско евалуирање на ефективноста на програмирањето за СНЕ. И на крај, гледањето на СНЕ истражувањето преку објективот на градењето мир исто така подразбира потреба за вложување во алатки за анализирање на системски конфликти посебно наменети за трансформирање на насилниот екстремизам.

## Зајакнување на фактори и чинители кои ја зголемуваат отпорноста на заедницата

### Локални институции

- Зајакнување и зголемување на соработката меѓу лидерите на заедницата и чинителите кои можат да имаат активна улога во СНЕ. Општината (или локалната управа) треба да предводи основање на одбори за односи со заедницата, да обезбеди простор за редовни дискусии вклучувајќи разни групи на заедницата. Ова ќе ги донесе на исто место различните засегнати страни (жени, млади, претставници на етнички групи, верски групи итн.) со цел да се откријат рани знаци на радикализација или

регрутирање во насилни екстремистички групи и да се создаде можност за рано делување.

- Зајакнување на постоечките програми кои ги негуваат граѓанските вредности и граѓанскиот идентитет кај сите членови на заедницата. Воведување и спроведување на програми кои ја зголемуваат социјалната кохезија. Ова ќе ја подигне свеста кај членовите на заедницата и на заедничкиот идентитет и на различните перцепции за социјалните прашања. Општината или локалната управа, во соработка со образовни институции и претставници на здруженија на наставници и родители, би можела да го предводи дизајнирањето на програмите кои мора да се прилагодени кон потребите на заедницата.

**Влади и национални засегнати страни**

- *Вклучување на меѓу-секциски чинители и лидери на заедници од локално ниво во анализирање на состојбата на ранливоста и отпорноста на заедницата и поставување на приоритети на политиките. На овој начин, перспективите на заедниците може да бидат основа за развој на политики од рани фази, како и ќе обезбедат свесност на локално ниво за политичките мерки на национално владино ниво*
- *Признавање на верски институции и лидери на централно и локално ниво како влијателни чинители со блиски врски со нивните заедници. Осигурување на нивниот ангажман при спречување на насилниот екстремизам од самиот почеток, наместо нивно вклучување во подоцнежни фази за да спроведуваат дејства дизајнирани без нивен влог. Ова ќе се спротивстави на чувството на инструментализација на верските актери.*

**Меѓународни донатори, невладини организации и владини агенции**

- *Вложување во идентификување и зајакнување на факторите за отпорност на заедницата и социјалната кохезија (како што е инклузивен социо-економски развој, меѓуверска толеранција и граѓанско образование), исто како и во мерките на одвраќање и казнување.*
- *Заедничко креирање и дизајнирање на нови цели и прецизирање на постоечките цели на интервенции со претставниците на локалната заедница, со цел зајакнување на институционалните капацитети и соработката на засегнатите страни (верски институции и влада), и на национално ниво на креирање политики и на ниво на заедница, со цел да се подобри комуникацијата, координацијата и соработката. Да се обезбеди влкучување на вистински претставници на различни групи во заедницата (верски претставници, млади, жени).*

## Креирање на силни и делотворни програми за СНЕ

**Локални институции**

- *Споделување на научените лекции и добрите практики со засегнатите страни. Прв чекор може да биде да се соберат чинители на заедницата за да се дискутираат начините на адресирање на радикализацијата што води кон насилен екстремизам и да се дојде до заедничко разбирање на појавата во однос на одредена заедница. Таквото споделување на информации може да го отвори патот до зголемени заеднички проценки, свесност и дејство.*
- *Проценување на времето кое е потребно за градење доверба и односи, посебно со социјални групи кои себеси се доживуваат како 'стигматизирани'. Сенсибилизирање и на националните и на меѓународните агенции за оваа потреба.*

**Влади и национални засегнати страни**

- *Анализирање и ангажирање во погодени и непогодени заедници, признавајќи дека двете категории не се јасно деливи. Таквата ангажираност рамо-до-рамо може да започне со создавање заеднички простори*

*за учење од типот “колега-со-колега“. Одборите за односи со заедниците во рамките на општините би можеле да послужат како безбедни места за овие размени. Идентификување и консултирање на клучни влијателни лица на ниво на заедница од двата вида на заедници, за да се направи локално водена проценка на закани и потреби, која би била основа за СНЕ програмирање. Комбинирање на пристапите од горе надолу и од долу нагоре преку заедничко дизајнирање на активности за СНЕ со локалните институции ќе овозможи понијансирано програмирање и зголемување на локалната свест и влог.*

- *Вклучување на етно-националистички и десничарски екстремизам кои се во пораст во дискурсот, стратегиите и акционите планови за спречување и борба против насилниот екстремизам. Ова ќе помогне да се адресира контрапродуктивната „исламизација” на насилниот екстремизам и ќе помогне да се обезбеди ангажман од актерите кои инаку може да се чувствуваат неправедно и исклучително стигматизирани.*

**Меѓународни донатори, невладини организации и владини агенции**

- *Осигурување дека новите програми за СНЕ се засноваат на начелата на здраво градење на мир и на чувствителноста на конфликти и дека лекциите и наученото од претходната работа на градење мир се вклучени во програмирање за СНЕ. Таквите научени лекции треба да го вклучат прецизирање на методологиите за мониторинг и евалуација специфични за СНЕ со цел посистематско проценување на делотворноста и влијанието на програмирањето за СНЕ.*
- *Вложување во програми кои се скроени и прилагодени за специфичностите на секој локалитет. Програмите не можат да се дуплираат без дизајн специфичен за контекстот на заедницата. Овој дизајн мора да вклучува локални претставници со различни перспективи.*

## Референци и понатамошно читање

**Aroua, Abbas** 2018. Addressing Extremism and Violence. The Importance of Terminology. Geneva: The Cordoba Foundation of Geneva. https://www.cordoue.ch/images/pdf/Papers/CFG_ConflictTransformationPerspective.pdf

**Austin, Beatrix & Hans J. Giessmann** (eds.) 2018. Transformative Approaches to Violent Extremism. 2018. *Handbook Dialogue Series No. 13*. Berlin: **Berghof Foundation**. https://www.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Handbook/Dialogues/dialogue13_violent_extremism_complete.pdf

**Ellis, B. Heidi & Saida Abdi** 2017. Building Community Resilience to Violent Extremism through Genuine Partnerships. In: *American Psychologist*, Vol. 72, No. 3, 289–300.

**Fischer, Astrid & Engjellushe Morina** 2019. Preventing Violence, in Berghof Glossary on Conflict Transformation and Peacebuilding, Berlin: Berghof Foundation, 123-129. https://www.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Books/Book_Glossary_Chapters_en/berghof_glossary_2019_preventing_violence.pdf.

**Holdaway, L. & Simpson, R.** 2018. Improving the Impact of Preventing Violent Extremism Programming: A Toolkit for Design, Monitoring & Evaluation. New York & London: UNDP & International Alert. https://www.international-alert.org/publications/preventing-violent-extremism-toolkit

**Jakupi, Rudine & Garentina Kraja** 2018. Accounting for the Difference: Vulnerability and Resilience to Violent Extremism in Kosovo. Country Case Study 3. Berlin/Pristina: Berghof Foundation and Kosovar Centre for Security Studies (KCSS), 2018. https://www.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Other_Resources/WB_PVE/CTR_CaseStudy3Kosovo_e.pdf

**Morina, Engjellushe, Beatrix Austin, Tim Jan Roetman & Véronique Dudouet** 2019. Community Perspectives on Preventing Violent Extremism Lessons learned from the Western Balkans. Research Report. 2019. https://www.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Other_Resources/WB_PVE/CTR_PVE_WesternBalkans_Research_Report.pdf

**Qirjazi, Redion & Romario Shehu** 2018. Community Perspectives on Preventing Violent Extremism in Albania. Country Case Study 4. Berlin/Tirana: Berghof Foundation and Institute for Democracy and Mediation (IDM), 2018. https://www.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Other_Resources/WB_PVE/CTR_CaseStudy4_Albania_e.pdf

**Search for Common Ground (SfCG)** 2017. Transforming Violent Extremism. A Peacebuilder’s Guide. Washington DC: SfCG. https://www.sfcg.org/wp-content/uploads/2017/04/Transforming-Violent-Extremism-V2-August-2017.pdf

**Shtuni, Adrian** 2016. Dynamics of Radicalization and Violent Extremism in Kosovo. Special Report 397. Washington, DC: United States Institute of Peace. www.usip.org/sites/default/files/ SR397-Dynamics-of-Radicalization-and-Violent-Extremism-in-Kosovo.pdf

**Stojkovski, Filip & Natasia Kalajdziovski** 2018. Community Perspectives on Preventing Violent Extremism in Macedonia. Country Case Study 1. Berlin/Skopje: Berghof Foundation and Democracy Lab, 2018. https://www.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Other_Resources/WB_PVE/CTR_CaseStudy2BiH_e.pdf

**Turcalo, Sead & Nejra Veljan** 2018. Community Perspectives on Preventing Violent Extremism in Bosnia-Herzegovina. Country Case Study 2. Berlin/Sarajevo: Berghof Foundation and Atlantic Initiative, 2018. https://www.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Other_Resources/WB_PVE/CTR_CaseStudy1_Macedonia_e.pdf

## За авторите

**Engjellushe Morina** е дел од програмата за Истражувања за Трансформација на Конфликти (ИТК) во Фондацијата Бергхоф. Таа го разви и го водеше заедничкиот истражувачки проект за Можности за СНЕ во Западен Балкан. Таа водеше различни проекти и неодамна успеа да спроведе проект за 1.5 Следење на дијалог во Македонија. Engjellushe има повеќе од шеснаесет години пракса и истражувачко ориентирано работно искуство во Косово и балканскиот регион како и Велика Британија, Египет, Италија, Украина и Киргистан.

**Beatrix Austin** е привремен директор на тимот на ИТК програмата на Фондацијата Бергхоф (Апр-Окт. 2019). Таа го уредува и координира Прирачникот на Бергхоф за трансформација на конфликти, раководи со бројни други издавачки проекти и е вклучена во заедничкиот истражувачки проект за Можности за СНЕ во Западен Балкан. Како истражувач, нејзините интереси се фокусираат на поврзување на теоријата и праксата во трансформација на конфликтите, како и на прашањата за справување со минатото.

**Tim Jan Roetman** е проектен соработник за ИТК Програмата на Фондацијата Бергхоф. Моментално Tim Jan работи на проект за жени-членки на не-државните оружени групи во мировни преговори и повоеното лидерство. Tim Jan исто така има претходни искуства во спроведување на развојни проекти за едукација и помирување во Франција и Западен Балкан.

**Véronique Dudouet, PhD** е директор на ИТК програмата во Фондацијата Бергхоф, во отсуство за студии на Институтот за Мир на САД во Вашингтон, од април до октомври 2019год. Таа координира разни заеднички истражувачки проекти за улогата на недржавни вооружени групи, општествени движења и меѓународни чинители во процесите на трансформација на конфликти. Исто така спроведува редовни консултантски истражувања, дава совети за политики, совети за колеги и обуки и семинари за/со засегнати страни на конфликти и градење мир. Објавила две книги и бројни изданија во областа на трансформација на конфликти и ненасилен отпор.